МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Август 2015
БРОЈ 168

## Повиците за мали акциски и ад хок грантови се отворени

Цивика мобилитас ги објави повиците за мали акциски грантови и за ад хок грантови. Малите акциски грантови се наменети за поддршка на граѓански организации кои сакаат да ги промовираат своите цели на локално/национално ниво, а ад хок грантовите, освен на здруженијата и фондациите на располагање им се и на неформални, нерегистрирани групи граѓани за поддршка на итни, неодложни т.н. „горливи“ прашања кои се појавуваат и кои бараат итно внимание и акција на секое ниво на интервенција во Македонија.

Двата типа грантови ќе бидат постојано отворени. На малите акциски грантови заинтересираните можат да се пријавуваат најдоцна до 30 јуни 2017 година, а на ад хок грантовите, најдоцна до 31 март 2018 година.

Максималниот износ што може да се побара е 400.000 денари, за активности кои ќе траат најмногу 12 месеци, кај малите, или шест месеци кај ад хок грантовите.

Апликантите првично поднесуваат само концепт, во посебно пропишан образец. Пријавата се пополнува само доколку апликантот добил писмена покана од Цивика мобилитас да поднесе пријава, а по прелиминарниот избор на концептот. Сите потребни документи за повикот можете да ги најдете во огласите за мали акциски грантови или ад хок грантови.

Следете ја веб-страницата и страницата на Фејсбук на Цивика мобилитас и информирајте се за евентуални промени или за последните прашања и одговори.

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

## Повик до политичките лидери за транспарентен и партиципативен процес на донесување на одлуките поврзани со договорот од 2.6 и 15.7.2015

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата и Мрежата 23, на 31 август 2015 година на прес конференција упатија повик до сите вклучени страни во процесот на донесување одлуки за прашањата утврдени во Договорот на политичките партии и неговиот анекс за отвореност, транспарентност и вклучување на граѓанскиот сектор и сите засегнати страни.

Тие истакнаа дека спроведувањето на договорот е императив и побараа од Владата да го објави Нацрт-акцискиот план за реализација на Итните реформски приоритети на Европската комисија, а Собранието да им овозможи на граѓанските организации да ја следат неговата работа од 1 септември до распуштањето.



*Од прес-конференцијата на двете мрежи*

Свесни за својата одговорност, граѓанските организации сакаат да придонесат со својата експертиза, анализи и извештаи поврзани со прашањата од Договорот. Тие понудија да го следат спроведувањето на Акцискиот план како и работата на клучните регулаторни тела и предметите во надлежност на специјалниот јавен обвинител.

„Ние постојано ја следиме работата на институциите и ова не е новина, но заради актуелниот момент и итноста што ја наметнуваат роковите од Договорот сметавме дека треба јавно да истапиме и да ги нагласиме овие работи“, рече на прес конференцијата Емина Нурединоска од МЦМС. Според Малинка Ристевска Јорданова од Институтот за европска политика обединувањето на граѓанските организации околу ова прашање само по себе е значаен чекор. „И на овој начин сакаме да покажеме дека дијалог е потребен и можен“, рече таа и додаде дека дел од резултатите на ваквото здружување можеби нема да бидат веднаш видливи, но дека ќе придонесат во целиот процес што ќе се одвива.

Целиот текст на Повикот можете да го прочитате на следниот линк: http://www.mcms.mk/images/docs/2015/18-16%20javno%20obrakanje%20na%20platformata%20i%20mreza%2023.pdf

## Вкупно 65 предлог закони беа во собраниска расправа без претходно објавување на ЕНЕР

На 64-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 25.8.2015 година и продолженијата одржани на 26 и 27 август 2015 година на дневниот ред се најдоа 65 предлог-закони по скратена постапка од кои само пет се објавени на Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Кај ниту еден од објавените закони не е испочитуван минималниот рок од десет дена за консултации со јавноста.

Иако предлог-законите се однесуваат на усогласување со Законот за прекршоци, тие морале да бидат навремено објавени на ЕНЕР. Ова произлегува од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија (член 71, Службен весник бр. 36/08). Според тоа, сите предлози за донесување закон, нацртите и предлозите на закони кои што ги предлага Владата до Собранието, надлежните министерства имаат обврска да ги објават на својата интернет страница и на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Предлог-законите треба да бидат достапни за коментари од јавноста најмалку 10 дена од денот на објавувањето на ЕНЕР.

Со масовното донесување закони по скратена постапка кои не се објавени на ЕНЕР, на јавноста и на сите засегнати страни им се скратува можноста навремено да се информираат, да дадат свој придонес и да се вклучат во подготовката на законите кои ги засегаат.

Апелираме до Владата и надлежните органи на државната управа да ги почитуваат пропишани одредби од Деловникот за работа на Владата и да не ја избегнуваат обврската за достапност за консултации на сите предлог закони, вклучително и оние ко се донесуваат по скратена постапка.



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) како дел од своите активности во проектот „Огледало на Владата“ го следи ЕНЕР и објавува редовни неделни, месечни и квартални извештаи. Проектот се спроведува во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција, финансирана од Агенција за меѓународен развој на САД (УСАИД).

## Избрани грантистите во рамки на Балканскиот фонд за јавни политики во Македонија

МЦМС во текот на месец јуни 2015 г. им додели грантови на Здружението Конект и Институтот за демократија „Социетас цивилис“-Скопје, за подготовка на документи за јавни политики. Грантовите се доделни како дел од третиот повик на Балканскиот фонд за јавни политики. Двете организации ќе добијат и континуирана поддршка во спроведувањето на проектот од МЦМС.

Проектот „Анализа на политиките во однос на вработувањето во граѓанска организација“ на Здружението Конект од Скопје треба да придонесе кон промена на политиките поврзани со вработувањето во граѓанскиот сектор во Македонија.

Со проектот „Граѓанските организации како даватели на услуги: унапредување на праксата и зголемување на можностите“ на Институт за демократија „Социетас цивилис“ од Скопје (ИД-СЦС) ќе се идентификуваат можностите за поефективно вклучување на граѓанските организации во давањето на услуги и ќе бидат подготовени препораки за политики кои ќе ја подобрат овозможувачката околина на овој аспект од работењето на граѓанските организации.

Во рамките на истиот повик, доделени се грантови и на организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија. Повеќе информации за другите добитници организации во земјите од регионот се објавени на веб-страницата на БЦСНД.

**Најави на настани во септември 2015 г.**

- 22 – Регонален форум на Цивика мобилитас/Градска библиотека, Радовиш/ 10 часот

- 23 – Регионален форум на Цивика мобилитас/Дом на млади, Штип/10 часот

- 23 – Промоција на прикази на случаи на корупција/х.Холидеј ин, Скопје/12 часот.

# Заврши пилот фазата на „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia)

Арон Кимсон (Aaron Kimson ) и Филип Јотевски (Filip Jotevski) од САД, Лукас Стрезос (Lucas Strezos) и Наташа Калајџиовски (Natasia Kalajdziovski) од Канада го завршија својот тринеделен престој во Македонија. Тие беа дел од проектот „Родум од Македонија“ (Birthright Macedonia) што го спроведуваа Обединетата македонска дијаспора (ОМД) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), како локален партнер.



*Посета на американската амбасада во Скопје*

„Ова е најдобриот студиски престој што сум го имал до сега“, рече Арон Кимсон, „беше повеќе од тоа што го очекував“. Арон и Филип беа ангажирани во кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции, Џери Наумоф. И двајцата велат дека овие три недели ќе им бидат многу корисни и за студиите, но и потоа, кога ќе почнат да работат. „Јас сум 50% Македонец, не го зборувам јазикот иако разбирам фрази и можам да кажам некои зборови или реченици“, вели Арон кој мотивот за пријавувањето ги нашол во потребата да биде во контакт со неговите корени. „Имаме големи семејни собирања и кога дојдов тука сфатив од каде доаѓа целата таа традиција, храната, како што се зелникот, знаев ама ете сега го имам и контекстот“, раскажува тој.

Сите без исклучок се задоволни од начинот на кој бил организирано нивното смесување. Можноста да се престојува во семејства со луѓе на нивна возраст им овозможило да видат како функционира животот во Македонија. „Живеев со Даниела, таа е на мои години, не можеше да биде погостопримлива“, вели низ насмевка Наташа, „ми го отвори домот, ми обезбеди што ми беше потребно, ми го покажа градот, ми даде одлични совети, беше одлично!“

Покрај ангажманот во текот на работните денови, сите четворица имаа можност да патуваат во текот на викендите и да дознаат повеќе за Македонија. Посетија различни манифестации како „Галичката свадба“, „Пивофест“ во Прилеп, беа на прошетка во Охрид. Освен тоа, имаа средби и ги посетија и Министерството за одбрана, Собрание на РМ, Американската амбасада.

„Ова е неверојатно искуство, без разлика која генерација Македонец сте, ова е одлично за враќање на корените“, вели Филип Јотевски. „Секој млад Македонец треба да го искуси ова преку „Родум од Македонија“. И Наташа вели дека веќе полека почнала да ги сензитира нејзините пријатели на ФБ за тоа колку добра можност е „Родум од Македонија“. „Освен тоа, ќе им го препорачам на моите братучеди кои не слушнале за проектот и за можноста. Тие се на мои години и мислам дека би биле заинтересирани“, вели таа.

И ОМД и МЦМС сметаат на тоа, затоа што така „Родум од Македонија“ ќе расте од година во година, а младите Македонци кои се родени и живеат надвор од државата ќе го запознаат нивното културно наследство и ќе воспостават контакти и пријателства меѓу себе и со нивните врсници во Македонија.

# Препораки за овозможувачка околина за граѓанските организации во регионот

Објавен е Регионалниот извештај за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество во 2014 година чиј што дел за Македонија го подготви МЦМС.

Во Регионалниот извештај се сумирани клучните наоди од осум извештаи на земјите во Западен Балкан (Албанија, БиХ, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија) и Турција и се споредени со наодите и резултатите со регионалниот извештај од 2013. Извештаите од следењето во земјите беа подготвени од организации членки на БЦСДН.

Преку идентификувањето на клучните заеднички прашања се нагласуваат приоритетите за интервенција на регионално ниво и се поддржуваат напорите на граѓанските организации, државните институции и Европската Унија во создавањето на што е можно подобра околина за развој на граѓанско општество.




Извештајот е подготвен од страна на Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот „Аки (Acquis) на Балканското граѓанско општество – Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и лобирање“.